5571,23

САБОТА, 20 СЕПТЕМВРИ 2014 • ДНЕВНИК

Постојаната поставка во Даут-пашиниот амам



# Бесплатна тура низ музеите во Скопје

„Мапа на културата“ е насловот на еднодневната организирана и бесплатна посета на најзначајните музеи и галерии во Скопје, која ќе се одржи в недела. Сите заинтересирани ќе може да ги посетат музеите на Македонија и на современата уметност, Меморијалниот центар на холокаустот и Даут-пашиниот амам. Кустоси ќе ги водат посетителите низ музејските поставки.

Предвидени се две ротирачки групи, кои почнуваат од 10 часот наутро од Порта „Македонија“.

Турата се организира под мотото „Еуролинк - Вашата врска со вистинските вредности“. Компанијата ќе обезбеди професионални водичи, кои ќе ги водат учесниците од една до друга културна институција низ градот и ќе им овозможат несекојдневно искуство Скопје да го доживеат како туристи.

- Интересно е што за турата не се пријавуваат постари граѓани, туку на возраст од 35 до 40 години. Тие се најзаинтересирани - велат организаторите.

Во неколкучасовната обиколка ќе може да се слушнат интересни приказни за плоштадот Македонија, Камениот мост, Скопското кале и Старата скопска чаршија, за импозантните градби и спомениците на културата.